# ИН МЕМОРИЈАМ
## Кирил Трајковски



Персевантот Кирил Трајковски, археолог, експерт и светски авторитет за македонската историја, култура и наследство; филантроп и хуманист, беше еден од основачите на Македонското хералдичко здружение и негов потпретседател од април 2007 год. до неговата смрт на 13 октомври 2012 год., во Скопје. Како највозрасен член на МХЗ, неговото водство се покажа важно во неколку моменти од историјата на Здружението.

Кирил Трајковски е роден во Штип, на 27 ноември 1951 год. Студирал археологија во Белград, каде што дипломира во 1976 год. со најдобри оценки.

Неговата кариера беше целосно во Музејот на Македонија. Како археолог, неговиот успех беше комбиниран со методички и дисциплиниран пристап, и со чудно чувство на интуиција.

Со текот на годините, неговото име стана синоним со некои од најпознатите археолошки локалитети во Македонија. Неговите дела беа широко објавувани во рамките на археолошките заедници. Тој беше познат и во Македонија и во странство, и често учествувал на меѓународни археолошки конгреси.

Тој беше виш советник во Музејот на Македонија и автор на Историја на археологија во Македонија. На оваа позиција, тој помогна во вклучувањето на хералдиката во неколку проекти, коишто доведоа до поставување на делот „Хералдика Македонија“ на изложба во Музејот на Македонија.

Бестрашен во одбрана на своите принципи, тој беше секогаш подготвен да оди храбро напред. Тој ќе биде запаметен од страна на сите оние кои го познаваа по неговото познавање, интегритет и заразната страст за живот.



**Персевантот Кирил Трајковски потпишува Матрикула / Pursuvant Kiril Trajkovski signs Matricula**

# IN MEMORIAM
## Kiril Trajkovski

Pursuivant Kiril Trajkovski, archaeologist, academic, and world authority on Macedonian history, culture and heritage; philanthropist and humanitarian, was one of the founders of the Macedonian Heraldry Society (MHS) and its Vice President from April 2007 until his death on 13th October 2012 in Skopje. As the eldest member of MHS, his guidance showed important in several points of Society’s history.

Kiril Trajkovski was born in the town of Shtip on 27th November 1951. He studied archaeology in the University of Belgrade, graduating in 1976 with a first-class honours degree.

His career was spent entirely at the Museum of Macedonia. As an archaeologist, he combined to great success a methodical and disciplined approach with an uncanny sense of intuition.

Over the years his name has become synonymous with some of Macedonia’s most famous archaeological sites. He was widely published within the archaeological community. He was known both in Macedonia and abroad and often gave the keynote address at international archaeological conventions.

He was senior advisor at the Museum of Macedonia, and author of ‘The History of Archaeology in Macedonia’. Holding this position at the museum, he incorporated heraldry in several projects over the years, that finally lead to the setting up of a “Heraldry of Macedonia” exhibition at the Museum of Macedonia.

Fearless in defence of his principles, he was always prepared to go forward. He will be remembered by all those who knew him for his knowledge, integrity and an infectious lust for life.

# Активности на МХЗ

# Activities of MHS













**1. Предавање на Јоновски во Чешин, Полска/ Lecture of Jonovski In Cieszyn, Poland,.**
**2. Делегацијата на МХЗ, со Алфред Знамијеровски (во средина)/ Delegation of MHS, with Alfred Znamierowski (in the middle).**
**3. Истата делегација со Стојан Антонов (лево) во Софија на годишното собрание на БХВО/ The same delegation with Stojan Antonov (left) in Sofia, Bulgaria at the Annual Assenbly of BHVO.**
**4. Страница од Оцило/ Page from Ocilo.**

Делегација на Македонското хералдичко здружение во состав: претседателот Јован Јоновски, секретарот Петар Гајдов, како и членовите Александар Гижароски и Стојанче Величковски, присуствуваше на 1-вата Конференција за европска хералдика и вексилологија што се одржа во Чешин, Полска, 27-29 9.2012 год. Конференцијата беше организирана од Хералдичко-вексилолошкиот институт, чијшто претседател е светски познатиот вексилолог Алфред Знамјеровски. На Конференцијата чијашто тема беше хералдиката и вексилологијата на единиците на локалната самоуправа, учествуваа претставници од десетина земји.

Хералдот Јоновски одржа предавање за месната хералдика во Македонија, за чијашто цел беа класифицирани грбовите на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија. Од особен интерес беше запознавањето со хералдичката и вексилолошката практика на единиците на локалната самоуправа во централна и источна Европа. На конференцијата учествуваа и претставници на државните хералдички тела од Белорусија и Литванија.

Истата делегација, на 3 ноември присуствуваше на годишното собрание на Бугарското хералдичко и вексилолошко друштво во Софија. На собранието, БХВО го прими секретарот Петар Гајдов во почесното членство.

Во весникот на Друштвото на српските грбоносци – „Оцило“, беше објавен и написот на хералдот Јован Јоновски, во којшто беше претставено МХЗ,  и хералдот беше примен како почесен член, при што беше изработена и нова претстава на неговиот грб.

The delegation of the Macedonian Heraldry Society (MHS), comprised of President Jovan Jonovski, Secretary Peter Gajdov and members Aleksander Gizharovski and Stojanche Velickovski attended the 1st Conference of European heraldry and vexillology which was held in Ceszyn, Poland, from 27th to 29th September 2012. The conference was organized by the Institute of Heraldry and Vexilology led by world-renowned vexilologist Alfred Znamierowski. The conference, the theme of which was the Arms and flags of local government authorities, was attended by representatives of twelve countries.

Herald Jonovski gave a lecture on local heraldry in Macedonia, the aim of which was to classify the arms of local government authorities in the country. Of particular interest was the introduction of Arms and flags in local government authorities in Central and Eastern Europe. The conference was attended by representatives of the state heraldic bodies of  Belarus and Lithuania.

The same delegation on November 3rd, attended the annual meeting of the Bulgarian Heraldry and Vexillology Society (BHVS) in Sofia. The assembly of the BHVS granted MHS Secretary Peter Gajdov honorary membership of their society.

The Journal of the Society of Serbian Armigers; ‘Ocilo’ published an article by Jovan Jonovski, featuring a presentation of the MHS, and Jonovski was inducted as an honorary member, and it was made and new rendering of his arms

# Хералдички регистар

Во овој број ви го претставуваме грботот на Александар Гижаровски, софтверски инжинер од Скопје, вексилолог, секретар и персевант на Македонското хералдичко здружение.

Александар е син на Душко, син на Александар и Даринка од Бродец, Скопско и Снежана Граоркоска од Скопје, ќерка на Јован и Менда од Галичник.

**Штит**: По стропило на сино и зелено, сребрено стропило помеѓу златен лозов лист во кантон и сребрен седечки волк, вооружен црвено.

**Мантија**: сино со сребро

**Челенка**: Од златна челенкова круна сребрена волчја глава, во устата со исто копје со син пламенец

**Мото**: Lux et Veritas (Светлина и Вистина)

**Блазон и емблазон:** Александар Гижаровски




# Heraldic Register

In this issue we present the Coat of Amrs of Aleksandar Gizharovski, software engeneer from Skopje, vexillologist, Secretary and Pursuivant of the Macedonain Heraldry Society.

Aleksander is the son of Dusko, son of Aleksandar and Darinka from Brodec near, Skopje; and Snezana Graorkoska from Skopje, daughter of Jovan and Menda from Galichnik.

**Shield**:Per chevron Azure and Vert a Chevron Argent between in dexter chief a vine leaf Or and in base a wolf sejant Argent armed Gules.

**Mantle**: Azure doubed Argent.

**Crest**: Issuant from a crest coronet Or a Wolf's head Argent in the mouth a silver spear with penant Azure.

**Motto**: Lux et Veritas (Light and Truth).

**Blazon and Emblazon**: Aleksandar Gizharovski.

# Нов одбор

Поради ненадејната смрт на персевантот Кирил Трајковски, еден од основачите и потпретседател на Македонското хералдичко здружение од 2007 година, на 14.12.2012 год. се одржа вонредното собрание за пополнување на местото потпретседател. За потпретседател е избран досегашниот секретар Петар Гајдов, додека за нов секретар е избран Александар Гижаровски, софтверски инженер и вексилолог..







# New Board

Due to the sudden death of pursuivant Kiril Trajkovski, one of the founders and Vice President of the Macedonian Heraldry Society from 2007, on 14/12/2012 an Extraordinary General Meeting was held to fill the seat of vice president. The current Secretary Peter Gajdov was elected Vice President, and Aleksandar Gizharovski, a software engeneer and vexillologist, was elected as his successor as Secretary

ISSN 1857-5544
9 771857 554008